„Дуњалукот (овој свет) е сладок и зелен. Возвишениот Аллах те создаде на него за да види како ќе работиш. Затоа, чувај се од овој свет и чувај се од жените

Ебу Сеид ел Худри, радијаллаху анху, пренесува дека Аллаховиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, рекол: „Дуњалукот (овој свет) е сладок и зелен. Возвишениот Аллах те создаде на него за да види како ќе работиш. Затоа, чувај се од овој свет и чувај се од жените, навистина првото искушение на синовите Израилови дојде од жените."

[صحيح] [رواه مسلم]

Аллаховиот пратеник, алејхи селам, ни го опишува овој свет како нешто со сладок вкус и чиј изглед е зелен и привлечен. Поради ова, човекот може да биде измамен од овој свет и да му посвети најголемо внимание. Пратеникот потоа ни укажува на фактот дека Аллах, Возвишниот, дава да живееме едни по други, за да види како ќе постапуваме и дали ќе Му бидеме послушни или грешни. Потоа нè предупреди да не се залажуваме со убавините на овој свет, таквите украси ќе го наведат човекот да не го прави она што Возвишениот Аллах му наредил и да го прави она што Тој му го забранил. А најмногу треба да внимаваме од пороците на овој свет: искушението со жените и дека тоа искушение беше првото кое му се случи на Бену Исраил.

http://www.sunnah.global/hadeeth/mk/show/3053